**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 13.10.2018 година**

**Скопје, октомври 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 13.10.2018 година**

Седницата започна во 18:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за фанансии и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и Асаф Адеми, министер за култура.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година

2. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година и го утврди со следните заклучоци:

1. Во делот на Владата да се отвори нова програма за поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми, за што да се предвидат 50 милиони денари.

За оваа цел, потребно е Министерството за финансии да подготви соодветен предлог за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година.

2. За Јавното обвинителство на Република Македонија да се предвидат 39 милиони денари за доспеаните тужби.

3. Во делот на Министерството за животна средина и просторно планирање да се предвидат дополнителни 7 милиони денари за поддршка на домашни капитални инвестиции.

4. Во делот на Министерството за надворешни работи да се предвидат дополнителни 7 милиони денари за комисиите за спроведување на договорите со Република Бугарија и Република Грција.

5. Во делот на Министерството за локална самоуправа да се предвидат дополнителни 10 милиони денари за програмите за прекугранична соработка-учество на Република Македонија.

6. Во делот на Министерството за економија да се предвидат дополнителни 7 милиони денари за програмата за поддршка на купување на печки за еко пелети.

7. Во Програмата на Владата да се предвидат 5 милиони денари за Декадата на Ромите.

8. Да се изврши пренамена на средства согласно на барањата на Министерството за одбрана, Министерството за образование и наука, како и Министерството за здравство за реализација на програмата за ретки болести.

9. Да се ревидира намалувањето на средствата во програмата Д9 и називот на истата наместо „Поддршка на домашни гринфилд инвестиции“ да биде „Финансиска поддршка на инвестициите“.

10. Во Програмата на Владата, во делот Иселеништво да се одземат 8,8 милиони денари и аналогно на сите претходни изменувања од овие заклучоци да се одземе соодветниот износ од средствата предвидени за општините.

12. Пречистениот текст на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2018 година согласно член 179 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Маја Аргировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 2**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 22:15 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |